**Соопштение за Мартовска (дополнителна) испитна сесија во учебната 2024/2025 година**

Се известуваат студентите на Природно-математичкиот факултет во Скопје дека, **Мартовската** (дополнителна) испитна сесија во учебната 2024/2025 г., е дополнителна сесија, која се спроведува, согласно Одлуката за измена на Календарот на активности за зимски и летен семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје (на крајот од соопштението).

**Мартовската** (дополнителна) испитна сесија ќе се одвива во периодот од **20.03.2025 г. до 27.03.2025 г.**

Право за полагање имаат студентите кои уредно го имаат запишано летниот семестар и уредно им е заверен зимскиот семестар од учебната 2024/2025 година и ќе може да пријават и полагаат **1 (еден) испит од предмет ислушан во зимскиот семестар во учебната 2024/2025 г. за кој треба да имаат електронски потпис за остварени обврски.**

**Во периодот од 10.03.2025 г. до 14.03.2025 г.** студентите треба задолжително да:

1. **Достават пријава за испит (хартија)** на шалтерите на Одделението за студентски прашања и уплата во износ од 1.000 денари (за полагање предмет во дополнителен термин за студентите на прв циклус, согласно Одлука од Деканатската управа на Факултетот, бр.02-2105/3 од 16.09.2024 година);

2. **Електронски да го пријават испитот** преку своите профили во iknow системот;

3. Уплатата треба да ја реализираат преку своите профили во iknow системот на следниов начин:
   – преку **Модулот документи** селектираат **Барање дополнителна сесија** (од 2024) со што ќе им се овозможи да ја извршат уплатата во износ од 1000,00 денари (како што е прикажан примерот од претходната дополнителна сесија на сликата),
   - ја печатат реализарана уплата и ја доставуваат заедно со пријавата за испит (хартија) во одделението за студентски прашања.




**Термините** за практичен и теоретски дел од испитот во престојната **Мартовска** (дополнителна) испитна сесија и **просториите** во кои ќе се одвиваат испитите ќе бидат објавени на веб страните на институтите на Факултетот, најдоцна до 28.02.2025 година.

Ви напоменуваме дека Априлската (дополнителна) сесија од минатата учебна година, повеќе НЕ постои.

21.02.2025 година од Деканатот,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бр. 02 -3269/2
27.12.2024 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), а во врска со член 24, став 3 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019, 607/2022 и 689/2024 - анекс) постапувајќи по предлогот на Деканатската управа бр. 02-3269/1 од 23.12.2024година Наставно - научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

за **измена на Календарот** на активности за зимски и летен семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје

1. Се прифаќа Предлог – Одлуката на Деканатската управа при Факултетот, бр. 02-3269/1
од 23.12.2024 година.

2. Се усвојува измена на Календарот на активности за зимски и летен семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, донесен на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 04.07.2024 година, со тоа што роковите за одржување на дополнителната (мартовска) испитна сесија се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| Објава на термини за практичен и теоретски дел од испит во мартовска (дополнителна) испитна сесија | најдоцна до 28.2.2025г. |
| Пријавување за мартовска (дополнителна) испитна сесија (on-line) и во хартиена форма во Одделението за студентски прашања.<br>(студентите може да пријават и полагаат само 1 (еден) испит од зимскиот семестар од учебната 2024/2025 година) | 10.3.2025г.-14.3.2025г. |
| Мартовска (дополнителна) испитна сесија | 20.3.2025г.-27.3.2025г. |

3. Во се друго Календарот на активности за зимски и летен семестар во учебната 2024/2025 година за прв циклус студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, останува ист.
4. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Д Е К А Н
Проф. д-р Даворин Трпески